Д-р Ристо ХРИСТОВ

# МАКС ВЕБЕР ЗА ПОЛИТИКАТА И ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

## 1. За животот и делото на Макс Вебер

Макс Вебер е роден на 21 април 1864 година во Ерфурт, во областа Тирингија. Правни науки студирал на универзитетите во Хајделберг, Берлин и Гетинген. Едновремено слушал предавања од историја, економија, филозофија и теологија. Наскоро по завршувањето на студиите станал приватен доцент на Берлинскиот универзитет. Во 1893 година, односно во 29-та година од својот живот, станал редовен професор по економија на Универзитетот во Фрајбург. Поради болеста, која сериозно му го нарушила здравјето, работата ја напуштил само по пет години, повторно враќајќи се на истата работа пред самиот крај од својот живот. Во меѓувреме целосно се посветил на научно-истражувачката работа, брзајќи да го приврши огромниот број веќе започнати трудови. Заедно со истакнатите германски социолози Фердинанд Тенис (Ferdinand Tennies) и Георг Зимел (Georg Simmel) се ангажирал околу основањето на *Германското социолошко друштво.* Во 1904 година започнал да го уредува стручното списание *Архив за општествени науки.* Починал на 14 јуни 1920 година во Берлин, само што наполнил педесет и шест години.

Во текот на својот краток живот Вебер стасал да напише огромен број на трудови и зад себе да остави едно научно дело кое импонира според својата обемност и според разновидноста на проблемите кои биле предмет на неговата плодна научна преокупација. Неговата докторска дисертација со наслов *Прилог кон историјата на трговските друштва во средниот век* е на границата меѓу правната и стопанската историја. Хабилитирал со трудот *Аграрната историја на Рим.* Опстојно и темелно ги истражувал аграрните односи во стариот свет, ги проучувал сложените методолошки проблеми во општествените науки, го истражувал *влијанието на верскиот морал врз стопанството,* широко да ја иследувал *суштината на современото капиталистичко општество,* ги поставил основите на *функционалистичката теорија за класната стратификација* на општеството, придонел за правилното разбирање на *поимот*

*на општествената власт и моќ,* ги разработил типовите, суштината и односите во *етничките и религиозните заедници* и сл.

Вебер бил енциклопедиски образована личност. Во сите свои истражувања на многубројните општествени прашања, тој секојпат се потпира врз непрегледната, огромна и разнородна маса од *фактографски материјал* што ја прибирал од различните подрачја на општествениот живот. Тој е еднакво убедлив и кога врши продлабочено осветлување на конкретно дадените прашања, а наедно и кога синтетички ги сумира и воопштува своите сознанија и научни резултати. Во сите научни области во кои работел и за сите прашања што ги иследувал, Вебер оставил длабоки траги и извршил *силно влијание врз своите современици и врз подоцнежните истражувачи и научни работници* на полето на општествените науки. Со актуелноста на своите погледи и со своето присуство во општтсвените науки, меѓу кои најмногу во социологијата, со Вебер можат да се рамнат само уште Маркс и Диркем.

## 2. Веберовото поимање на општествената моќ и власт

Во текот на целиот период од својата научно-истражувачка работа Вебер бил напрегнато преокупиран со прашањето за положбата на човекот во современото општество и за можноста, во неизбежните услови на бирократска организација на општествениот живот, човекот да ја сочува својата слична слобода и своето човечко достоинство. Поради тоа тој опстојно и темелно го иследувал прашањето за општествената моќ и власт, со право сметајќи дека без правилно разбирање на поимот на општествената моќ и власт не може да се разбере ниту организацијата на политичкиот живот на општеството, ниту неговата социјална стратификација. *Општествената власт* тој ја разбира како *"веројатноста на едно лице или на група луѓе да ја наметнат својата волја во некој општествен однос наспроти отпорот на другите учесници."* Притоа сосема сеедно е на што се потпира таа веројатност. "Поимот на "моќта" - пишува Вебер - е аморфен од социолошка гледна точка. Сите можни особини на еден човек и сите можни констелации можат да го направат способен во определена ситуација да ја наметне својата волја".

Веберовата определба на поимот на општествената моќ упатува на констатацијата дека таа е *општествен однос. Моќта е моќ над другите.* Моќта се манифестира и реализира во сложениот систем на општествени односи меѓу поединците и групите. Поединците и групите поседуваат општествена моќ во онаа мера во која другите поединци

и општествени групи се покоруваат на нивната волја. Изворите на општествената моќ се многу различни во различните општества. Во традиционалните општества моќта се потпира првенствено врз традиционалните односи на неприкосновениот авторитет на најстариот член на семејната заедница, на авторитетот на старешината на родовската заедница и сл. Во современите услови на организација на општествениот живот, моќта се потпира и на сосема нови извори кои произлегуваат од системот на најразличните овластувања што ги поседуваат поединците и групите.

*"Власт треба да се нарече веројатноста дека одреден број лица ќе се потчинат на наредбата со определена содржина".* Власта е определен облик на моќ. Таа е институционализирана моќ. Власта е оној облик на моќ кој што е прифатен како легитимен, односно се смета за исправен и праведен. Може да се рече дека моќта се демонстрира, додека власта се наложува. Зад власта стои физичка сила. Физичката сила служи за наложување на општествената власт во случаите кога таа не може поинаку да се наложи. *Легитимноста* на власта се состои во уверувањето на луѓето дека востановената власт е морално и општествено оправдана.

"Како и кај другите облици на моќ - пишува Вебер - така и кај власта посебно (курзивот е на Макс Вебер - Р. Х.), оние што ја поседуваат ниту во кој било случај не тежнеат исклучиво, а ниту редовно, кон тоа, врз основа на неа да постигнат чисто економски цели а особено не обилно да се обезбедат со економски добра. Но во секој случај, располагањето со економски добра, т.е. економската моќ, често е а многу често и плански сакана последица на власта, а исто така често е и едно од нејзините најважни средства... Ни секоја "власт" не се служи со средствата на економската моќ за своето засновување и одржување. Меѓутоа, ова се случува кај далеку најголемиот број облици на власта, и тоа кај најважните облици, на било кој начин и често во таква мера што начинот на примената на економските средства, со цел за зачувување на власта, пресудно влијае врз видот на структурата на власта".

### 3. Веберовото поимање на политиката

Политиката претставува *посебен вид на општествена активност* преку која учесниците водат борба за свое влијание врз општествената моќ и за свое учество во распределбата на општествената власт. Доколку се во прашање две држави, тогаш преку политиката тие насто-

јуваат да го наметнат своето влијание во меѓусебните односи. Доколку се во прашање политички организации во рамките на една држава, какви што организации се политичките партии, тогаш преку политиката тие настојуваат да ја освојат државната власт или да обезбедат свое учество во државната власт, за да можат на тој начин да ги остварат своите интереси и цели.

Борбата за учество во распределбата на општествената моќ и за учество или освојување на општествената власт секогаш се наоѓа во самата основа на политиката. Моќта и власта, кои се обезбедуваат преку политиката, никогаш не можат да бидат цел на самите себе. *Моќта и власта* секогаш претставуваат само *средство за постигнување на други цели*. Основна и најчеста цел е обезбедувањето на материјални и други животни погодности. Кога не се во прашање таквите цели, тогаш моќта се посакува "за да би се имало чувство на престиж што таа го дава".

Вебер гледа две причини заради кои луѓето влегуваат во политиката. *Едните живеат "за политиката" - другите живеат "од политиката"*, иако најчесто се прави и едното и другото. Во условите на владеење на општествениот поредок на приватната сопственост, оние што живеат за политиката мораат да имаат сигурни приходи за опстанок. Политиката ја одржува нивната внатрешна душевна рамнотежа и го потхранува нивното чувство за својата вредност со свеста дека се во служба на една идеја, што им дава некаква смисла на нивниот живот. Од политиката како занимање живеат оние кои што настојуваат од неа да си создадат за себе траен извор на приходи.

Кога се раководи со партија во која во економска смисла луѓето живеат за политиката, а не од политиката, нужно доаѓа до *плутократско регрутирање на водечките политички слоеви*, што не значи дека водечкиот политички слој не ја користи политичката власт за своите приватни економски интереси. Не постојат општествени слоеви или поединци кои политиката и политичката власт не ја користат за остварување на некој свој економски интерес, како што е погрешно, од друга страна, да се мисли дека оние кои се без средства за живот и кои што живеат од политиката - на политиката гледаат единствено или претежно како на извор за својот материјален опстанок.

Професионалните политичари кои живеат од политиката настојуваат да си обезбедат за себе постојани и сигурни извори на доход. Покрај службеничката плата, што ја добиваат за професионалното извршување на својата политичка функција, тие успеваат да си обезбе-

дат и *многу други различни извори на доход*. Колку е повисоко местото кое едно лице го зазема во политичката хиерархијата, толку се поразновидни и пообилни изворите на доходот што тие ги обезбедуваат за себе.

Борбата меѓу партиите не е само борба за постигнување на објективни цели, туку, пред сѐ е борба за *обезбедување на патронат над службите*. Владејачките коалициони политички партии водат остра борба за распределба на службите, службеничките места и политичките функции. Распределбата се врши пропорционално според бројот на освоените гласови на изборите, но многу често големо значење игра и политичкото влијание на одделните политички партии и на нивните лидери. На обичните гласачи, кои не се организирани членови на политичките партии, никој не обрнува внимание. Тие се наполно пасивни. Политичките партии ги облетуваат гласачите само во време на изборите. Повремено меѓу изборите и уште повеќе за време на изборите, за гласачите се наменети партиско-политичките реклами. Порано многумина од избраните партиски кандидати пристапувале кон партијата дури после изборот. Со време таквата практика сѐ повеќе се менувала. На преден план сѐ повеќе доаѓале *партиските службеници,* како основни организатори и двигатели на активноста на партиите. Партиските кандидати за избор однапред се познати.

Партиските пратеници во парламентот не ги изнесуваат своите лични ставови. Нивните искажувања не претставуваат нивна лична исповед. *Нивните говори се ставови на партијата* на која што самите припаѓаат. За секое прашање партиите имаат свои специјалисти. Претходно се одредува кој за кое прашање ќе зборува во името на партијата. Покрај "пчели-работилки", партиите имаат и свои "трутови". Тие се користат главно за гласање. Официјалните ставови претходно се усогласуваат на состаноците на комисиите, во неформалните групи и по кабинетите на партиските функционери.

За современите политички процеси е карактеристично што се одвиваат во услови на *силно изразени процеси на бирократизација* на политичките партии и на драматичното заострување на конкурентската политичка борба. Современите политички партии се силно подложни на процесот на бирократизација независно од нивната внатрешната општествена структура, при што од најголемо значење е организационата поставеност, социјалниот состав и бројноста на членството. Средствата и методите на борбата стануваат се поостри и побезобзирни. Партиската активност за придобивање на гласачите за време на изборите бара континуирана и вонредно напорна

работа. Партиско-политичката конкуренција се заострува до невидени размери. Партиските кандидати постојано се соочуваат со зголемување на бројот на изборните говори што треба да ги одржат, на местата што треба да ги посетат и на извештаите што треба да ги поднесат. Едновремено расте и потребата за зголемување на обемот на партиската преписка, за подготвување на извештаи и дописи за партискиот печат и за подготвување на партиски реклами од секаков вид.

Многу често, а особено при ниско ниво на политичката култура, политичката борба се претвора во борба *против личниот углед* и против приватниот живот на противниците. Не ретко, во силната желба да се дискредитираат противниците, лекомислено се шираат невистини и сензационалистички тврдења. Вебер е на мислење дека на ваквата практика може успешно да им се застане на патот само со заострување на одредбите на кривичното право. Притоа е надвор од секое сомнение дека за успешно оживотворување на една ваква практика е неопходно да се има изградено добра правна држава.

*Демагогијата* не им е туѓа на современата политика и на современите политички процеси. Демократизацијата и демагогијата одат заедно. Демагози има во сите политички партии. Неретко демагозите избиваат во самиот врв на политичката активност на партиите. Успешниот демагог е човек кој најмалку се колеба во поглед на примената на средствата за придобивање на масите. Идеализирајќи ја животната реалност која, објективно земена, секојпат е многу непријатна, демагозите успеваат да ја придобијат наклоноста на јавноста и на гласачкото тело за политичката партија за која што работат.

Многубројни опасности од начинот на кој што се води современата политика се кријат и во реалната можност од наттегнување на *силни емоционални елементи.* Луѓето секојпат се загрижени најмногу за тоа "што ќе биде утре". Загриженоста е дотолку поголема доколку економско-егзистенцијалните проблеми се поизразени а социјалната сигурност е помала. Социјалната несигурност придонесува луѓето да се оддадат на емоционалното и ирационалното влијание на политичките партии.

Вебер се искажал и во врска со прашањето за односот на *политиката и етиката.* Насилството, или барем заканата со насилство - нагласува Вебер - претставува специфично средство на секое политичко дејствување. За остварување на саканите политички цели често мораат да се употребуваат морално проблематични средства. Со морално проблематични средства можат да се постигнат полезни и прифатливи поли-

тички цели, како што со морално непроблематични средства постигнатите цели можат да не бидат прифатливи. Како што не постои еден општоприфатлив систем на општествени вредности, така не постои и единствен систем на политички вредности кој што би бил прифатлив за сите припадници на една општествена заедница. Не може да се живее во хармонија со сите постојни општествени вредности, па ниту со сите дадени политички вредности. Неподударноста помеѓу планираните намери и постигнатите цели е особено изразена во политиката. Кога ќе бидат остварени очекувањата, тогаш и употребените средства се прогласуваат за морално прифатливи. Кога очекувањата ќе бидат изневерени, тогаш за морално неприфатливи се прогласуваат и средствата кои биле употребени за постигнување на саканите цели.

### 4. Веберовото поимање на карактерот на политичките партии

Политичките партии најчесто се дефинираат како *политички организации кои ги опфаќаат луѓето со иста политичка идеологија* и со исти политички цели, чија основна цел е да ја освојат државната власт за да можат да ги остварат своите цели. Во истата смисла и Вебер го определува поимот на политичките партии како здруженија кои се формално засновани на доброволен пристап. Нивните постојани напори се насочени кон привлекување на што поголем број гласови на изборите за определените политички места. Партиското јадро се грижи за финансирањето на партијата, ја изработува програмата на партијата, ги определува принципите на изборната постапка и ги утврдува кандидатите. Во своите програми политичките партии постојано ги внесуваат оние барања за кои сметаат дека во тој момент се најпривлечни за гласачкото тело.

Современите политички партии се *производ на развитокот на демократските процеси на општествениот живот.* Од општото и масовно изборно право на припадниците на една демократска општествена заедница произлегува неопходната потреба за обезбедување на најголемо единство на партиското раководство, воведување на строга дисциплина и широка партиска активност за масовно придобивање на гласачкото тело. Системот на одлучување и на донесување на најважните одлуки во рамките на партијата се претвора во систем на плебисцитарна демократија.

Веберовите искажувања за карактерот, суштината и целите на политичките партии, кои се поместени на различни места во повеќе негови трудови, остануваат еднакво актуелни и за сегашните савреме-

ни политички услови на општествениот живот. Основните цели на политичките партии - според Вебер - можат да се сведат на следново:

- Активноста на секоја политичка партија е насочена кон *стекнување на општествена моќ.* Општествената моќ може да се обезбеди само преку државниот апарат. Поради тоа политичките партии настојуваат, кога ќе ја освојат власта, овој апарат да го состават од свои членови.

- Секоја партија настојува на своите раководители да им обезбеди моќ, а на своите активни учесници да им овозможи да ги постигнат посакуваните објективни цели или да стекнат определена лична корист, или да го постигнат и едното и другото. Раководителите се стекнуваат со општествена моќ и власт преку заземањето на високи функции во државниот апарат, додека организираните партиски членови ги остваруваат своите цели со обезбедување на определени места во управниот апарат.

- *Личното однесување* на членовите на една партија секојпат е *условено од различни мотиви.* Општите идеали за кои се залага партијата не треба да се исклучат како мотив кој го детерминираат и насочуваат однесувањето на поединците, но таквите идеали, кои на почетокот имаат поголемо значење, потоа се повеќе им го отстапуваат местото на другите м

*награда*, која најчесто се состои од обезбедување на работно место или на некоја друга предност. Таквите наградата ја сметаат како сатисфакција за својата работа во пропагирањето на програмата на партијата и за напорите што ги прават во обезбедувањето на гласови при изборите. Освоените мандати му овозможуваат на партискиот лидер да се стекне со општествена власт и моќ и со своја посебна позиција во општеството, заради што е потребно да ги оствари очекувањата на оние кои самите се заложиле за својот партиски лидер.

- Процесот на *бирократизација* на политичките партии суштински не се разликува од истиот процес на бирократизација во државната управа и во стопанството. Сите политички партии без исклучок се подложни на неминовниот процес на бирократизација. Сите активности на партијата во свои раце ги зема партиското службеништво. Моќта на политичките партии "во прв ред се засновува на квалитетот на организацијата на овие бирократии".

- Средствата со кои политичките партии настојуваат да се здобијат со општествена моќ можат да бидат најразлични. Тие ги придобиваат изборните гласови со префинети и груби средства, се служат со убедување и сугерирање, кога тоа помага, го ползуваат општественото влијание на партиските лидери, уште повеќе доколку тие поседуваат харизматски особини, како и на поединците кои се истакнувани за определени функции, прибегнуваат кон поткупување и измами, ги користат прикриените и груби тактики на опстриурање, а се служат и со најразлични видови на голо насилство од секаков вид.

- Изборните програми, со кои политичките партии истапуваат во текот на предизборните активности и во текот на самите избори, претставуваат само средство за придобивање на неучесниците да постанат членови. Колку повеќе се сака да се влијае на масите и колку построга постанува бирократската организација на партијата - нагласува Вебер - толку е поспоредно *значењето на содржината на говорот.* Тогаш со говорот се настојува да се постигне чисто емоционален ефект и тој ја има истата смисла како партиските паради и прослави. Се настојува да се создаде претстава за моќта на партијата, за сигурноста во нејзината победа и за харизматските способности на партискиот лидер.

- Политичката работа, моќта и власта целосно се концентрирани во рацете на *најтесното партиско раководство.* Другите активни членови се само акламанти кои ја подржуваат и одобруваат политиката што ја води партискиот врв. Неактивните членови (пасивните

"учесници") претставуваат само објекти кои политичките партии ги придобиваат за време на изборите да гласаат за нивните кандидати предложени за највисокото законодавно и претставничко тело.

- Современите политички партии имаат *пирамидална структура.* На дното на пирамидата се наоѓаат основните партиски организации (ќелии). Повисоките организации (ќелии) опфаќаат определен број на основни организации. Со организациите (ќелиите) раководат определени лица или колективни тела. На врвот на пирамидата се наоѓаат највисоките централни раководни органи на чело со партискиот врв и лидерот на партијата.

- Основните организации на политичките партии најчесто се организирани на територијален принцип, многу поретко врз основа на принципот на работното место или врз основа на комбинирање на посочените два принципа. Основните организации се нарекуваат на различни начини но, најчесто се именуваат како *одбори или секции.* Одборите се состојат од неколку највлијателни партиски работници во определеното место или подрачје.

- Партиската активност на локално ниво во најголема мера хонорарно ја извршуваат организираните партиски членови како своја споредна работа. Само во големите градови оваа работа ја извршуваат платени службеници. Само во рамките на пошироките подрачја постојат партиски активисти кои за строго определена плата патуваат низ земјата. Определувањето на кандидатите и утврдувањето на изборните пароли се врши врз основа на соработката на месните и регионалните групи. *Месните партиски раководители* ги организираат околу себе, особено за време на активната изборна борба, постојаните членови на месните партиски организации. Основен начин за придобивање на населението претставуваат јавните собири. Во меѓувреме активноста на партиското членство е незначителна. Освен што плаќа членарина, ги купува партиските гласила и ги посетува собирите на кои истапуваат партиските говорници, огромниот дел од членството не работи ништо друго.

- *Изборот на членовите* за месната управа, на делегатите за партискиот конгрес и на кандидатите за изборните политички функции го врши тесното партиско јадро од врвот на партијата. Месното членство во овие активности зема само формално учество. Партиското јадро се пополнува со нови членови за кои се смета дека ќе бидат од полза за партијата, кои се со определено општествено влијание или кои се подготвени на посебни материјални и други жртви во името на партијата.

- За придобивање на масите - нагласува Вебер - неопходно е во секој градски кварт да се формираат изборни групи и организацијата непрекинато да се држи во активност. Таквата будност и непрекинатото ангажирање за целите на партијата не можат да се остварат без еден соодветен бирократски апарат. *Бирократската машина,* која се состои од платени партиски службеници и од професионални политичари, добива за задача демагошки да ја популаризира програмата на својата партија и наедно да се погрижи за сите технички прашања при непосредното спроведување на изборите.

- *Проблемот на финансирањето* е централно прашање за секоја политичка партија. Од финансирањето најнепосредно зависат обемот и правците на дејствување на секоја политичка партија. Политичките партии се финансираат од различни извори: прилози од членството (кои секогаш се многу скромни), средства од донатори, оданочување на победените противници, средства од сопствен купен имот и сл.

- *Големите финансиери* (донатори), кои издвојуваат значајни средства за дејноста на партијата и практично ја одржуваат нејзината активност, настојуваат да влијаат врз составот на партиското водство и тогаш кандидатите се најчесто само марионети во рацете на големите финансиери. Големите финансиери и самите имаат свои непосредни материјални и финансиски интереси кои настојуваат да ги остварат по доаѓањето на власт на партијата кои дотогаш ја финасираат.Таквите интереси се остваруваат преку државните нарачки, обезбедување на монополска положба, отстапување на каква било концесија или друга привилегија и сл.

- *Во многу случаи предложените кандидати самите го поднесуваат најголемиот дел од изборните трошоци.* Во тој случај се воспоставуваат плутократски односи на партиско влијание на материјално имотните. Кога партијата обезбедува средства за финансирање на предложените кандидати - тогаш настануваат односи на зависност на кандидадите од партиските раководители.

**Заклучок**

Макс Вебер спаѓа во редот на ретките автори чие научно дело, и по осумдесет години од неговата смрт, продолжува да опстојува со сета негова актуелност и со големото влијание кое го укажува на истражувачите од широкото подрачје на општествените науки. *Актуелноста на Веберовото дело* произлегува од фактот што и во времето кога било создавано, на преминот од 19-от во 20-от век, тоа

целосно било свртено кон животот и кон најчувствителните прашања од развитокот на општеството и од животот на човекот во него. Вебер се стремел да ја разбере суштината на нему современото општество во сета негова бескрајно сложена природа, не би ли спомогнал на тој начин за негова порационална, поефикасна и хуманистичко-почовечна организација и функционирање.

*Еднакво актуелни се денес и неговите проучувања на многубројните и сложени прашања во врска со општествената моќ и власт, политичката организација на општеството, политиката, политичките партии* и редица други прашања од развитокот и животот на современото општество. Вебер бил обземен од политиката не само од научно-теориско гледиште. Тој живо се интересирал за актуелните политички настани на своето време. Лично познавал многу истакнати политички личности од тоа време. Кога во 1905 година избила граѓанската револуција во Русија, Вебер во два подолги написи предупредувал дека во случај на победа на екстремната левица, Русија неизбежно ќе тргне по патот на бирократизација на целокупниот општествен живот.

За време на Првата светска војна бил меѓу првите кои се противеле на политиката на тогашното германско политичко и државно водство. Во 1915 година напишал еден меморандум во кој се залагал Германија да склучи сепаратен мир. Бил член на комисијата која го составила познатиот меморандум поднесен на мировната конференција во Версај. После војната *учествувал во основањето на демократската партија на Германија,* а зел учество и во работата на комисијата која го подготвила Вајмарскиот устав.

Вебер бил *длабоко приврзан на демократските форми* и процеси на општествениот живот. Тој силно верувал во општествените вредности на личната слобода. Сметал дека политиката треба да се потпира на науката. Политичкиот работник - пишувал Вебер - мора да знае што науката мисли за целите кон кои што се стреми политиката и за средствата што ги употребува за постигнување на бараните цели. Истовремено мошне силно бил обземен и од сомнението дека бирократската организација и политичката структура, кои неминовно се развиваат во своевидна општествена структура, ќе ги загрозат правата и слободите на човекот и ќе доведат до нов вид на негово подјармување и економско и политичко обесправување и обезличување.

## Извори:

Макс Вебер: Привреда и друштво, I-II, "Просвета", Београд, 1976;

Maks Veber: Legitimni poredak i tipovi autoriteta. - Teorije o društvu, I, "Vuk Karadžić", Beograd, 1969;

Max Veber: Tipovi vlasti. - Teorije o društvu, I; "Vuk Karadžič", Beograd, 1969;

Max Veber: Rutinizacija harizme. - Teorije o društvu, II, "Vuk Karadžić", Beograd, 1969;

Max Weber: Metodologija društvenih nauka, "Globus", Zagreb, 1989;

Max Weber: Protestantska etika i duh kapitalizma, "Veselin Masleša", Sarajevo, 1989;

Mihailo Đurič: Sociologija Maxa Webera, "Naprijed", Zagreb, 1987;

Stjepan Pulišelić: Političke partije, "Narodne novine", Zagreb, 1967;

Moris Duverger: Les partis politiques, Paris, 1964.